Лекција 2

# УЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТОТ И СМРТТА СПОРЕД БИБЛИЈАТА

Дали има живот по смртта? Ако е така, кога, и за кого? Дали некој ќе ужива во вечна среќа? Дали други вечно ќе страдаат и ќе бидат мачени? За Христијанин, само Библијата има одговори на овие прашања.

## Смрт

Пред сé, да видиме што кажува Библијата за самата смрт. Што се случува откако ќе го испуштиме последниот здив? Дали продолжуваме да постоиме во друг свет? - Можеби во друга форма? Дали ќе се сеќаваме на нашиов сегашен живот? Дали ќе бидеме способни да ги видиме тие кои сеуште се живи?

Интересно е да се прочита што рекол Исус во врска со смртта на својот многу сакан пријател Лазар. Тој зборувал за неговата смрт како за длабоко спиење. Кога слушнал дека Лазар бил болен, тој им рекол на своите ученици, "Нашиот пријател Лазар заспа; но јас одам таму да го разбудам." На учениците им било мило заради тоа, очекувајќи дека Лазар ќе се опорави. Но Исус тогаш едноставно им рекол, "Лазар е мртов", и ги однесол кај гробот, со намера да го разбуди Лазар од неговото "спиење".

Кога дошле до гробот, им било речено на учениците дека Лазар умрел пред четири дена, и Марта, сестрата на Лазар, дошла да се види со Исус, во тага, заради смртта на својот брат. Што рекол Исус за да ја утеши неа? Дека душата од Лазар била сеуште жива? Не; тој рекол, "Твојот брат ќе се крене повторно."

Не станува збор за бесмртноста на душата, туку за воскреснувањето, со други зборови враќање повторно во живот, што е и вистинската надеж за Христијаните, како што Марта тоа го знаела многу добро. Таа одговорила, "Јас знам дека тој ќе се крене повторно во воскреснувањето на последниот ден." Исус рекол, "Јас сум воскреснувањето и животот. Тој кој верува во мене ќе живее, дури и ако умре."

За да докаже дека тој ја имал моќта да враќа мртви во живот отишол кај гробот и викнал, "Лазар, излези!" И Лазар излегол, неговите нозе и стапала сеуште биле обвиткани со платно за погреб. (Јован 11:1-44).

Исус зборувал за смртта како да е спиење. Во смрт, како и во спиење, ние сме во бесвесна состојба. Библијата вели:

*"Затоа што живите знаат дека тие ќе умрат, но мртвите не знаат ништо; . . . . затоа што во гробот, каде што одите, нема ни работење ни планирање ни знаење ни мудрост."* (Еклесијасти/проповедник 9:5,10)

*"Тој што е мртов не ве памети. Кој ве фали и воздигнува од својот гроб?"* (Псалм 6:5)

Затоа Стариот Завет подучува дека мртвите се во бесвесна состојба.

Новиот Завет зборува за смртта како да е спиење, од кое некој може да биде разбуден со силата од Бог. Тој што спие не знае ништо за светот околу него, се

додека не се разбуди. Така е и со оние кои ќе се кренат од мртвите; ќе биде како да се разбудиле од длабоко / долго спиење.

Не сите верници ќе бидат заспани во смрт кога Исус ќе се врати. Многу ќе бидат сеуште живи. Апостол Павле напишал,

*" . . . . ние кои што сме сеуште живи, кои сме оставени до доаѓањето на Господ, со сигурност нема да имаме предност пред тие кои претходно заспале. Затоа што Господ лично ќе слезе од небесата, . . . и мртвите во Христос ќе бидат кренати први."* (1 Солуњаните 4:15,16)

## Душата

Ова едноставно учење за смртта и воскреснувањето не е јасно разбрано од многу искрени Христијани заради нашироко распространетото верување дека сите ние поседуваме бесмртни души. Изразот "бесмртна душа" всушност не го наоѓаме во Библијата, што јасно кажува дека само Бог е бесмртен:

*". . . кој единствено е бесмртен, и кој живее во непристапна светлина, кого човек не го видел или не може да го види."* (1 Тимотеј 6:16)

Идеата дека душата е нешто невидливо кое никогаш не умира само е во спротивност со горе кажаното, но секогаш предизвикувало забуна во начинот на размислувањето кај Христијаните. Зошто Библијата зборува за "спиење", ако по смртта душата продолжува во свесно постоење? Ако душата никогаш не умира, големата надеж за воскреснувањето е оставена без значење.

Идеата за бесмртна душа е заснована не врз Библијата, туку врз грчката филозофија. Грчкиот филозоф Платон прв во потполност ја развил теоријата за бесмртна душа, и од тој извор е навлезена во начинот на размислувањето кај Христијаните, околу двесте години по смртта на Христос.

Вистинската надеж на Христијаните не е тоа дека имаме бесмртни души, туку дека Христос ќе ги крене мртвите кога ќе дојде повторно.

## Грев и Смрт

На Адам му било наредено да не јаде од дрвото на знаењето за доброто и лошото (Битие 2:16), но со тоа што згрешил и искажал непослушност спрема наредбата тој бил осуден да умре, и не му бил дозволен пристап до дрвото на животот. (Битие 3:22,23).

*"Со потта од своето чело ќе ја јадеш својата храна додека не се вратиш во земјата, затоа што од таму беше земен; затоа што прашина си, и во прашината ќе се вратиш."* (Битие 3:19)

Овде нема никаква најава за живот по смртта. Смртта била казната за Адам заради неговиот грев; и оваа смртност е премината на сите негови поколенија.

*". . . гревот влезе во светот преку еден човек, а смртта преку гревот, и на овој начин смртта дошла кај сите луѓе, затоа што си грешеле."* (Римјаните 5:12)

Ако го оставиме настрана делувањето од страна на Бог, смртта би била последното нешто за сите нас; би требало да сме без надеж. Но добрата вест од Евангелието е дека ние можеме да бидеме спасени од смрт. Тоа и е значењето на зборот спасение.

Во наредната лекција ќе можеме да кажеме повеќе за големото дело на Исус Христос, кој умрел заради нашите гревови така што ние можеме да имаме надеж за спас од смрт, преку воскреснување, што претставува будење од спиење во смрт - во нов живот. Ова ќе се случи при враќањето на Христос на земјава.

Како можеме да бидеме сигурни во врска со ова? Бидејќи по неговото распнување Христос лично бил вратен во живот, и постанал "првородениот" од мртвите: (Колосјаните 1:18), тоа значи, прв кој бил кренат во вечен живот. За разлика од останатите луѓе, тој бил безгрешен. За разлика од Адам, тој бил перфектно послушен кон вољата од Таткото.

*". . . тој се покори себе си, и постана послушен до смрт - дури на смрт на крст! Заради тоа Бог го воздигна до највисоко место . . ."* (Филипјаните 2:8-9)

И покрај бесвесната состојба во гробот, тој беше разбуден за вечен живот. Тој беше однесен горе во небесата, од десната страна на Бог, и ќе се врати на земјава за да ги разбуди од мртвите сите верни слуги на Бог, и да им даде вечен живот во кој тој сега ги ужива сите благодети.

Кај гробот од Лазар, Марта рекла за својот брат, "Јас знам дека ќе стане поворно при воскресението на последниот ден." Пророкот Даниел кажал за овој последен ден, со зборовите: *"Ќе има време на немири какви немало од почетокот на нациите па сѐ до тој ден. Но во тоа време твоите луѓе - секој еден чие име се наоѓа запишано во книгата - ќе бидат спасени. Мноштвото кое е заспано во прашината од земјата ќе се разбуди."* (Даниел 12:1,2)

Пораката од Библијата е јасна; има вечен живот, спас од смрт, за тие кои веруват во Исус и се послушни на неговите заповеди. Во следната лекција ќе кажеме повеќе за воскреснувањето на Христос.

## Заклучок

Само во Библијата можеме да ја најдеме вистината за животот и смртта. Кога нашиот здив е одземен, се враќаме во прашината; не знаеме ништо, и е како да сме во длабоко спиење. Ние немаме бесмртна душа која продолжува да постои по смрт. Нашата единствена надеж за спас од смрт е воскреснувањето кога Господ Исус Христос ќе се врати од небесата.

## Прашања

*За да се има придобивка од ова учење, ве молиме да ја прочитате лекцијава внимателно повеќе од еднаш, тогаш одговорете ги прашањата кои следат, со свои зборови. Пратете ги одговорите на вашиот тутор.*

2.1 Според Библијата, што се случува откако ќе настапи смрт?

2.2 Зошто вие мислите дека Библијата ја опишува смртта како спиење?

*Ве молиме да побарате помош ако имате некоја потешкотија со лекцијава.*